Република Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

До

Централен регистар на Република Македонија
бул.Кузман Јосифоски Питу бр.1 Скопје
Скопје

Арх.Бр. 15 - 5562/1

Дата: 03.10.2018

Кавадарци


Република Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk


**Предмет:** Укажување за постапување

Почитувани,

Совет на општина Кавадарци донесе Одлука за промена на имиња на улици во град Кавадарци со арх.бр.07-4401/35 од 30.09.2013 година, со која се врши промена на имиња на улици во град Кавадарци и тоа:

1.Името на улица "ЈНА" се променува во "Тиквешко востание",

2.Името на улица "29-ти Ноември" се променува во "8-ми Септември",

3.Името на улица "Едвард Кардељ" се променува во "Никола Минчев",

4.Името на улица "Енгелсова" се променува во "Трајче Мукаетов".

Одлуката за промена е доставена до Централниот регистар како надлежен орган кој го води електронскиот регистар за имињата на улиците, плоштадите, мостовите и за другите инфраструктурни објекти, како и за броевите за нумерирање на објектите на територијата на Република Македонија согласно закон.

Во оваа насока укажуваме дека сите правни субјекти кои што се запишани во соодветниот регистар и кои ќе поднесат соодветна пријава за упис на статусна промена или било каква промена на податоци во соодветниот трговски регистар и регистар на други правни лица, а на кои субјекти не им е променета адресата и седиштето во регистарот во кои што се запишани согласно цитираната одлука за промена на имиња на улици, да ги прифатите пријавите за упис на промена од правните субјекти во кои како седиште и адреса им е запишано предходното име улицата.

Ова укажување е во насока на примена на начелото на ефикасност и економичност на постапката, од причина што актите кои треба да произведат правни последици во соодветниот регистар кои се однесуваат на конкретен правен субјект содржат адресни податоци со предходното име на улицата, а при поднесување на пријава по електронски пат не му се дозволува на

[redacted]

пријавителот да ја наведе неговата адреса со предходното име на улицата со што се оневозможува и спречува субјектот да ја поднесе пријавата.

Однапред ви благодариме на разбирањето.

Со почит,

Изработил,
Ефтимчо Петровски

Одобрил,
Раководител
Елена Тасевски

Градоначалник
м-р Митко Јанчев

Арх.Бр.

Дата:________________
Кавадарци

Република Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс
043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk